Врз основа на член 46 став 3 од Законот за телекомуникации ("Службен весник на РМ" бр. 33/96, 17/98 и 28/2000), министерот за транспорт и врски донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА РАДИОСТАНИЦИ, ИНСТАЛАЦИИ И РАДИОМЕРЕЊА

Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот за техничките прегледи на радиостаници, инсталации и радиомерења во областа на радиокомуникациите што го врши Управата за телекомуникации - Скопје.

Член 2

Надоместокот за технички преглед на радиостаници и инсталации изнесува:

а) за радиостаница што работи во ВХФ/УХФ подрачје, со излезна снага:
- до 5 W (преносна) .......................................10 ЕВРА;
- до 10 W (мобилна) .....................................21 ЕВРО;
- до 10 W (фиксна/базна) .............................51 ЕВРО;
- репетитор ..................................................102 ЕВРА.

б) за радиодифузни предаватели и репетитори:
- ТВ предавател ..........................................383 ЕВРА;
- ТВ репетитор ............................................256 ЕВРА;
- VHF/FM предавател .................................307 ЕВРА;
- VHF/ФМ репетитор ...................................205 ЕВРА;
- HF (КБ) предавател до 1KW ...................307 ЕВРА;
- HF (КБ) предавател преку 1 KW ............767 ЕВРА;
- MF (СБ) предавател до 1 KW ..................307 ЕВРА;
- MF (СБ) предавател преку 1 KW ...........511 ЕВРА.

в) за радиостаници за дотур на модулација:
- за звучна радиодифузија ............................77 ЕВРА;
- за телевизија ..............................................153 ЕВРА;
- за станица во MWS систем .......................307 ЕВРА;

за радиостаница со повеќеканален
радиорелеен систем ....................................153 ЕВРА.

г) за радиостаница во сателитска служба:
- за фиксна земска станица .....................2 556 ЕВРА;
- за VSAT (HUB) ........................................1 278 ЕВРА;
- за VSAT и SNG терминали .......................153 ЕВРА.

Надоместокот за радиомерења заради испитување на можноста за поставување на радиостаница или мрежа на радиостаници, по работен час изнесува 15 ЕВРА.

- патните и дневните трошоци за членовите од екипата која ги врши мерењата паѓаат на товар на барателот.

Член 3

Надоместокот утврден во член 2 од овој правилник се уплаќа пред извршувањето на техничките прегледи на жиро сметката на Управата за телекомуникации, со следните податоци:

Назив на примачот: Трезорска сметка/Управа за телекомуникации.

Банка на примачот: Народна банка на РМ; сметка на НБ на РМ: 100000000063095.

Сметка на Управата: 1300315687 787 18; приходна шифра: 724137; програма: 11.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-923/1
28 јануари 2002 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Љупчо Балкоски,** с.р.